# З А К О Н
# ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
## Редакциски пречистен текст [1]

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
**Предмет**

Со овој закон се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 2**
**Цел**

Целта на овој закон е да овозможи ангажирање за финансирање на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство врз основа на начелата на еднаквост, транспарентност, недискриминација, пропорционалност, меѓусебно признавање, заштита на животната средина и ефикасност во постапката за склучување на договор за концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите од склучениот договор за концесија и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 3**
**Примена на одредбите од главите I, II, III,IV, V и VI**

Одредбите од главите I, III, IV и V од овој закон се однесуваат и се применуваат на доделувањето и на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство и концесиите на добра од општ интерес, додека одредбите

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ” бр.6/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РМ” бр.144/14, Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РМ” бр.33/15, Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РМ” бр.104/15, Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РМ” бр.215/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.153/19, Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.261/19, Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.89/22 и Законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, објавен во “Службен весник на РСМ” бр.65/23, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

на Главата II од овој закон исклучиво се однесуваат и се применуваат на доделувањето на концесиите на добра од општ интерес, а одредбите на Главата VI од овој закон се однесуваат и се применуваат исклучиво на доделувањето на договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 4**
**Дефиниции**

Значењето на изразите дефинирани во Законот за јавни набавки соодветно ќе се применуваат и на овој закон, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Концесија за јавна работа" е договор од ист вид како договорот за јавна набавка на работи, освен што надоместокот за тие работи се состои во право на користење на тие работи или од тоа право заедно со плаќање;

2. "Концесија за јавна услуга" е договор од ист вид како договорот за јавна набавка на услуги, освен што надоместокот за тие услуги се состои во право на користење на тие услуги или од тоа право заедно со плаќање;

3. "Концесија на добра од општ интерес" е договор различен од концесијата за јавна работа и концесијата за јавна услуга која за предмет има доделување на право на користење на добра од општ интерес;

4. "Јавно приватно партнерство" има значење како што понатаму е опишано во овој закон;

5. "Јавен партнер" е правно лице кое доделува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, и тоа:

- Република Северна Македонија,
- општината, градот Скопје и општините во градот Скопје,
- јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Северна Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото и
- други правни лица кои согласно со закон вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања;

6. "Концедент" е субјект кој доделува концесија на добра од општ интерес, и тоа:

- Република Северна Македонија и
- општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;

7. "Приватен партнер" е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого јавниот партнер склучува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, или кој за таа цел основа друштво за посебна намена;

8. "Концесионер" е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум со кого се склучува договор за концесија на добра од општ интерес или кој за таа цел основа друштво за посебна намена;

9. "Економски оператор" е секое домашно или странско правно или физичко лице или група на такви лица кое на пазарот нуди стоки, услуги или работи;

10. "Понудувач" е секој економски оператор кој поднел понуда;

11. "Овластен потписник" е лице кое е овластено од страна на јавниот партнер или концедентот да склучи договор за воспоставување на јавно приватно партнерство или договор за концесија на добра од општ интерес;

12. "Надлежност" се овластувања и должности и упатување на извршување на функциите и извршувањето на должностите на концедентот односно јавниот партнер,

13. "Посебен закон" е закон со кој се уредуваат прашањата поврзани со концесиите кои се доделуваат во областа која ја уредува тој закон;

14. "Друштво за посебна намена" е трговско друштво кое може да го основа приватниот партнер или концесионерот со цел за склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство или концесија на добра од општ интерес и/или за реализација на јавно приватно партнерство или концесија на добра од општ интерес (во натамошниот текст: ДПН);

15. "Конзорциум" е група на економски оператори кои заеднички поднесуваат понуда или барање за учество, без притоа да претставуваат посебна правна форма;

16. "Прифатлива понуда" е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способноста на понудувачите;

17.„Електронска аукција" е повторлив процес на позитивно или негативно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

18. "Изградба" е изведба на градежни активности или изградба на објект, дизајн и изведба на активности за изградба или дизајн и изградба на објект или реализација со какви било градежни средства кои одговараат на барањата одредени од страна на јавниот партнер и која сама по себе исполнува одредени технички и економски функции и

19. "Објект" е резултат на изградба или постојна јавна инфраструктура во сопственост или поседувана од страна на јавен партнер или јавна инфраструктура која ќе биде реализирана според договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 5**
**Јавно приватно партнерство**

Јавно приватно партнерство значи форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот партнер и приватниот партнер, која се карактеризира со следново:

а) приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност;

б) со цел за исполнување на обврските од точката а) на овој став, приватниот партнер може да преземе обврска да:

- финансира, дизајнира, изгради и/или реконструира/реновира објект на јавна инфраструктура, работи и одржува нов објект и/или реконструиран/реновиран објект на јавна инфраструктура или
- користи, управува и одржува постоен објект на јавна инфраструктура или
- која било комбинација на горе наведените обврски се додека комбинацијата на тие обврски е со цел за исполнување на целите поставени во точката а) на овој став;

в) при преземање на обврската од точките а) и б) на овој став, приватниот партнер вообичаено презема значаен дел од ризиците поврзани со финансирање, изградба, побарувачка и/или достапност и други такви дејствија, управување, одржување и технички ризици, зависно од договореното при воспоставување на јавното приватно партнерство и се определува од случај до случај;

г) секој партнер во јавно приватно партнерство за времетраење на јавното приватно партнерство ќе преземе одговорност за ризични настани кои се во негова сфера на влијание, или одговорноста се дели со цел за постигнување на оптимално управување на ризикот за времетраењето на партнерството, меѓу другото, со користење на управувачки, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер и со промовирање на размена на вештини и знаење - искуство меѓу јавниот и приватниот партнер, без истото да е во спротивност со точката в) на овој став;

д) во замена за преземените обврски јавниот партнер може да додели на приватниот партнер концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, или да му надомести преку плаќање;

ѓ) јавниот партнер, исто така, може да му овозможи на приватниот партнер да изведе одредени комерцијални економски активности, покрај обврските од точките а) и б) на овој став, утврдени во договорот, но само ако не постои друг можен начин да се обезбеди неопходно ниво на ценовна ефикасност на приватното учество и разумен поврат на инвестицијата и

е) јавниот партнер може да пренесе одредени стварни права на приватниот партнер, неопходни за извршување на договорно поставените обврски.

Зависно од намената на средствата за надоместување од страна на јавниот партнер за обезбедување на јавна работа и/или јавна услуги, како и распределбата на клучните постојни ризици, јавното приватно партнерство може да се воспостави како:

1) концесија за јавна работа или
2) концесија за јавна услуга или
3) договор за јавна набавка на работа или
4) договор за јавна набавка на услуга.

Јавно приватно партнерство се воспоставува со договор.

## Член 6
## Комбинирани договори

Во случај на концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга која вклучува елементи и на работа и на услуга, т.е. комбиниран договор, одлучувачки елемент за одредување дали таквиот договор е концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга ќе биде дали работата која треба да се изведе е главен предмет на договорот, или истата е само споредна во однос на главниот предмет на договорот.

**Член 7**
**Доделување на државна помош**

При воспоставувањето на заемните права и обврски меѓу јавниот партнер и приватниот партнер или концедентот и концесионерот, како и за време на реализација на предметниот договор, не смее да се повредат правилата за доделување на државна помош.

**Член 8**
**Начела**

Постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се спроведува во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаков третман и меѓусебно признавање.

**Член 9**
**Концесиски надоместок**

Кога концесионерот или приватниот партнер има обврска да плати концесиски надоместок на концедентот или на јавниот партнер, минималниот износ на надоместокот се определува во огласот за доделување на договорот, а врз основа на физибилити студијата за оправданост на доделување на концесијата на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, доколку со посебен закон поинаку не е определено.

Концесионерот или приватниот партнер плаќањето на концесискиот надоместок, односно надоместокот за јавно приватно партнерство не може да го врши со државни обврзници.

**Член 10**
**Исклучоци од примена**

Одредбите од овој закон, кои регулираат постапки за доделување на концесија на добра од општ интерес, не се применуваат во случај кога концесијата се доделува на следниве субјекти:

- јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва основани од Република Северна Македонија, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на друштвото.

На плаќањето, односно на надоместокот за концесијата од аспект на договорите од ставот 1 на овој член се применуваат одредбите утврдени со посебен закон.

## Член 11
## Право на сопственост

Објектите изградени според јавно приватно партнерство, вклучувајќи ги и додатоците и подобрувањата се сопственост на јавниот партнер, доколку поинаку не е предвидено во договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Условите под кои ќе се регулираат правата на сопственост од ставот 1 на овој член, јавниот партнер треба да ги предвиди во тендерската документација.

Кога договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство престанал, приватниот партнер е должен на јавниот партнер да му ги врати, односно пренесе во сопственост објектите изградени со јавното приватно партнерство, без оглед дали истите биле целосно или делумно изградени, реконструирани, конзервирани, опремени или подобрени од страна на приватниот партнер, под услови и на начин утврдени со договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, доколку поинаку не е предвидено.

Сите прашања, вклучително и условите поврзани со сопственичките права, како и потребните стандарди за квалитет се предмет на анализа на физибилити студијата за оправданост на доделувањето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и истите треба да се предвидени во тендерската документација, како и во самиот договор.

## Член 11-а
## Прибавување на податоци од катастарот на недвижности

Концедентот или јавниот партнер по електронски пат прибавува податоци од катастарот на недвижности за постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

## Член 11-б
## Запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижностите

Концедентот или јавниот партнер е должен сите акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување/прибележување во катастарот на недвижностите, а се донесени во врска со спроведување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, заедно со пријавите за запишување по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности.

## Член 12
## Друштво за посебна намена

Друштвото за посебна намена може да учествува единствено во реализација на јавно приватно партнерство или концесија заради која е основано.

Кога приватниот партнер или концесионерот основа ДПН, јавниот партнер или концедентот, договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство или договорот за концесија на добра од општ интерес може да го склучи со ДПН.

Јавниот партнер или концедентот со одлуката за започнување на постапката и во тендерската документација може да определи правното лице или конзорциумот кој е избран за најповолен понудувач да основа правно лице со седиште во Република Северна Македонија, кое како приватен партнер или како концесионер ќе го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, или договорот за концесија на добра од општ интерес.

Во случајот од ставот 3 на овој член во тендерската документација ќе се определи формата на правното лице (приватен партнер или концесионер), висината на капиталот, обврските на најповолниот понудувач во врска со неговото основање, како и другите односи меѓу најповолниот понудувач, правното лице - приватен партнер или концесионер и јавниот партнер или концедент.

## Член 13
## Совет за јавно приватно партнерство

Владата на Република Северна Македонија основа Совет за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Советот) составен од 15 члена од кои еден е претседател и еден заменик-претседател на Советот.

Советот има советодавна улога на Владата на Република Северна Македонија, во областа на јавно приватно партнерство, врши промоција на јавно приватно партнерство, предлага проекти за јавно приватно партнерство, како и дава иницијатива со предлози за измени на прописите од оваа област.

Членови на Советот се претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Бирото за јавни набавки, ЗЕЛС, бизнис заедницата, како и независни експерти особено од областа на економијата и правото, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на сите национални и етнички групи во Република Северна Македонија.

Советот донесува Деловник за својата работа.

Мандатот на членовите на Советот изнесува четири години.

Членовите на Советот за својата работа примаат надоместок по одржана седница.

Висината на надоместокот од ставот 6 на овој член ја определува Владата на Република Северна Македонија.

## Член 14
## Надлежен орган за јавно приватно партнерство

Надлежен орган за јавно приватно партнерство е Министерството за економија кое ги врши следниве работи:

- развива и спроведува мерки и активности со цел за постигнување и одржување на целосно транспарентен и ефикасен систем за јавно приватно партнерство,

- го води и одржува Регистарот за доделените договори за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- изготвува предлози за измени на прописите од областа на јавно приватно партнерство, и дава инструкции за имплементирање на овој закон,
- организира и реализира едукација и обука од областа на јавно приватно партнерство за сите учесници во процесот,
- следи, анализира и дава стручна помош и мислење во делот на спроведување на постапките,
- следи, анализира и ги проучува актуелните европски и светски тенденции, знаења и искуства во областа на јавното приватно партнерство и
- врши и други работи и задачи поврзани со јавното приватно партнерство.

## Член 15
## Примена на Законот за јавните набавки и други посебни закони

Одредбите од Законот за јавните набавки кои се однесуваат на постапките за доделување на договори за јавна набавка на работи и договори за јавна набавка на услуги соодветно ќе се применуваат и на постапките за доделување на договори за воспоставување на јавното приватно партнерство, освен доколку тоа поинаку не е утврдено со овој закон.

Постапките за доделување на договори за воспоставување на јавното приватно партнерство, јавниот партнер ги спроведува како отворена постапка, ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, или конкурентен дијалог, согласно со условите и на начин предвидени во Законот за јавните набавки.

На постапките за доделување на концесии на добра од општ интерес се применуваат одредбите од овој закон, како и одредбите од посебните закони со задолжително почитување на основните принципи и начела утврдени во членот 8 од овој закон.

## Член 15-а
## Електронска аукција

Јавниот партнер задолжително користи електронска аукција како последна фаза во отворена постапка и ограничена постапка во кои се пристигнати прифатливи и соодветни понуди како и во постапка со преговарање со претходно објавување на оглас во случаевите кога не е пристигната ниту една прифатлива понуда или ниту една соодветна понуда во отворена постапка, ограничена постапка или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација, пред доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Јавниот партнер го наведува користењето на електронска аукција во огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и во тендерската документација.

**Член 15-б**

Јавниот партнер должен е во тендерската документација или во поканата за учество на електронска аукција да ги вклучи:

- делот на понудата кој ќе биде предмет на електронска аукција, под услов истиот да може да се определи и изрази во бројки или проценти,

- информациите кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и кога овие информации ќе им бидат достапни,

- соодветни информации за спроведувањето на електронската аукција (начин на регистрирање на системот на електронска аукција, начин на легитимирање на учесниците на електронската аукција) и

- услови под кои понудувачите ќе можат да наддаваат, а особено минималните разлики кои се дозволени во процесот на позитивно и негативно наддавање.

**Член 15-в**

Пред да започне со електронска аукција јавниот партнер врши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите од тендерската документација.

Јавниот партнер ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да достават нови цени или нови вредности за делот на понудата кој е предмет на електронска аукција. Поканата истовремено се доставува до сите понудувачи по електронски пат.

Во поканата се наведува датумот и времето на започнување на аукцијата, начинот на спроведување на аукцијата, како и сите потребни информации за поврзување со електронските средства што се користат во Министерството за економија.

Ако критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е економски најповолна понуда, во поканата се наведува и исходот од целосната евалуација на соодветната првична понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата.

Електронското позитивно или негативно наддавање може да започне најрано два дена од датумот на кој се испратени поканите за учество на електронската аукција.

**Член 15-г**

Во случај кога е поднесена само една понуда која е прифатлива или останала само една прифатлива понуда, јавниот партнер задолжително го поканува единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во Министерството за економија.

Во случаите од ставот 1 на овој член поканата до единствениот понудувач особено содржи:

- идентификување на делот на понудата кој ќе биде предмет на поднесување на конечна цена и

- времето на поднесување на конечната цена кое не може да биде порано од 48 часа од испраќањето на поканата.

Единствениот понудувач ја поднесува конечната цена во утврденото време од ставот 2 алинеја 2 на овој член само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена првично понудената цена ќе се смета за конечна.

**Член 15-д**

Предмет на електронска аукција може да биде:

- само цената, кога критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е највисоката или најниската понудена цена или
- цената или новите вредности на делот од понудата кој е предмет на електронска аукција наведен во тендерската документација, ако критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е економски најповолна понуда.

Електронската аукција може да се спроведува во неколку последователни кругови.

**Член 15-ѓ**

За време на секој круг од електронската аукција, јавниот партнер на сите понудувачи им ги доставува информациите потребни да утврдат како се рангирани во секое време. Јавниот партнер може да им доставува и други информации во врска со:

- бројот на учесниците во соодветниот круг од електронската аукција и
- новите цени или вредности што биле поднесени во соодветниот круг од електронската аукција од другите понудувачи, под услов тендерската документација да предвидува таква можност.

При спроведување на круговите од електронската аукција, јавниот партнер не смее да го открие идентитетот на понудувачите.

**Член 15-е**

Електронската аукција се затвора на еден или повеќе од следниве начини:

- во однапред утврдено време за кое понудувачите биле известени во поканата за електронска аукција,
- кога бројот на кругови утврден во поканата за електронска аукција е исполнет, при што поканата, исто така содржи временска рамка за секој круг или
- кога ќе престанат да се добиваат нови цени или нови вредности кои ги задоволуваат барањата во врска со минималните разлики при што јавниот партнер во поканата го наведува времето што ќе биде дозволено да помине по добивање на последната понуда, а пред затворање на електронската аукција.

Врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција, јавниот партнер ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука, врз основа на критериумот за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство утврден во огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и во тендерската документација, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способност.

Доколку електронската аукција не успее, за најповолна понуда ќе се смета најповолната првична понуда на понудувачот поднесена во претходната фаза на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно

партнерство, освен за постапката со преговарање со претходно објавување на оглас во случаевите кога не е пристигната ниту една прифатлива понуда или ниту една соодветна понуда во отворена постапка, ограничена постапка или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација.

**Член 15-ж**

Електронската аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се спроведува во електронскиот систем за електронска аукција воспоставен во Министерството за економија.

Министерството за економија управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Начинот на користење на електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство го пропишува министерот за економија.

**Член 16**
**Подготвителни работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство**

Подготвителните работи за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ги спроведува концедентот или јавниот партнер.

Подготвителните работи вклучуваат особено:

- подготовка на извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон,
- изработка на физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и
- други активности неопходни за спроведување на постапката.

Владата на Република Северна Македонија ја пропишува содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство.

**Член 17**
**Започнување на постапка**

За започнување на постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, концедентот или јавниот партнер донесува одлука за започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува концедентот или јавниот партнер врз основа на студијата од членот 16 став 2 алинеја 3 од овој закон.

Кога концедент или јавен партнер е Република Северна Македонија одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот надлежен за областа во која се доделува јавно приватно партнерство или концесија.

Кога концедент или јавен партнер е општината, градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје.

Кога јавен партнер е еден од субјектите од членот 4 точка 5 алинеи 3 и 4 од овој закон, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува органот на управување, а на истата согласност дава основачот.

## Член 18
## Содржина на одлуката за започнување на постапка

Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, особено содржи:

- образложение за оправданоста за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, вклучително и образложение за основот за идентификување на видот на договорот, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон,
- назначување на нејзините цели,
- предмет на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и основните услови за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- во случај на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, видот на постапката од Законот за јавните набавки, имајќи го предвид членот 15 од овој закон,
- начинот и рокот во кој ќе биде спроведена постапката и
- висината на надоместокот за издавање на тендерската документација.

## Член 19
## Содржина на огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство

Доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се врши по пат на оглас.

Формата, содржината и начинот на објавување на огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како договор за јавна набавка на работа или како договор за јавна набавка на услуга е согласно со Законот за јавните набавки и неговите подзаконски акти.

Формата и содржината на огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга ги пропишува Владата на Република Северна Македонија, а се објавуваат согласно со Законот за јавните набавки.

Огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга, особено ги содржи следниве податоци:

1) име, адреса, број на факс и електронска пошта на јавниот партнер;

2) а) место на извршување и

б) предмет на концесијата за јавна работа или концесијата за јавна услуга, природа и обем на работите и/или услугите, како и објаснување за оправданоста на доделувањето на концесијата за јавна работа и концесијата за јавна услуга и назначување на целите;

3. а) временски рок за поднесување на пријави,

б) адреса на која тие мора да се испратат и

в) јазик на кој мора да бидат напишани;

4) вид на постапка за доделување на договор, согласно со членот 15 од овој закон;

5) надоместок за тендерската документација;

6) лични, технички и финансиски услови кои треба да ги исполнат кандидатите;

7) критериум кој ќе биде применет при доделување на договорот;

8) доколку е потребно, минимум дел од работите кои ќе бидат доделени на трети страни, регулирани во согласност со договорот од членот 48 од овој закон;

9) доколку е потребно, минималниот износ на надоместокот за концесија и/или начинот на кој се пресметува надоместокот;

10) датум на објавување на огласот и

11) име и адреса на надлежниот орган за одлучување по жалба, информации за крајни рокови за поднесување жалби и ако е потребно име, адреса, телефон, факс и електронска пошта на лицето од кое може да се добијат информации.

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга, се смета за започната со денот на објавувањето на огласот.

За објавувањето на огласите од овој член, Бирото за јавни набавки наплатува надоместок од 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

### Член 20
### Комисија за спроведување на постапка

Постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја спроведува Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот надлежен за областа за која се доделува договорот или од страна на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје, или од страна на органот на управување кај субјектите од членот 4 точка 5 алинеи 3 и 4 од овој закон.

Комисијата од ставот 1 на овој член се состои од претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од областа на економијата, правото и техничките науки и други релевантни области, во зависност од предметот на договорот. Во работата на Комисијата може да учествуваат надворешни стручни лица, без право на глас.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица кои:

- се во брачна врска, роднинска врска до второ колено или се поврзани со посвојување или старателство со понудувачот или кандидатот, со неговиот/нејзиниот законски полномошник, а во случаите кога понудувачот или кандидатот е правен субјект со членови на неговите управни, надзорни или други органи,
- во текот на последните три години биле вработени или биле членови на органите на управување или органите на надзор на понудувачот или кандидатот,
- се во друг законски однос со понудувачот или кандидатот и
- се осудени заради финансиски престап, измама или корупција.

Комисијата на седниците работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство гласови.

**Член 21**
**Надлежност на Комисијата**

Комисијата ги врши следниве работи:

- подготвува тендерска документација, вклучувајќи го и нацртот на договорот,
- ги определува критериумите за доделување на договорот,
- организира прием на пријавите за учество и понудите,
- ја утврдува способноста на кандидатите и определува кандидати кои имаат право да го продолжат учеството во постапката,
- ја утврдува способноста на понудувачите,
- дава појаснувања и доставува дополнителни информации и документи,
- ги разгледува и оценува понудите и врши рангирање на понудувачите со предлог за прворангираниот да биде избран,
- изготвува извештај за евалуација на понудите,
- поднесува предлог за поништување на постапката и
- ги врши сите други работи потребни за спроведување на постапката.

**Член 21-а**

Одлука за избор на најповолна понуда и Одлука за поништување на постапката за доделување на договор

Концедентот или јавниот партнер е должен да донесе одлука за избор на најповолна понуда или одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во рок од 30 дена, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите.

Кога концедент или јавен партнер е Република Северна Македонија одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на министерот надлежен за областа во која се доделува јавно приватно партнерство или концесија.

Кога концедент или јавен партнер е општината,градот Скопје или општината во градот Скопје, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува советот на општината, советот на градот Скопје или советот на општината во градот Скопје по предлог на градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје.

Кога јавен партнер е еден од субјектите од членот 4 точка 5 алинеи 3 и 4 од овој закон, одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува органот на управување, а на истата согласност дава основачот.

ГЛАВА II

ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА
НА ДОБРА ОД ОПШТ ИНТЕРЕС

**Член 22**
**Тендерска документација**

Комисијата е должна да ја подготви тендерската документација во рокот определен со одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес.

Комисијата може изготвувањето на тендерската документација да го довери на научна или стручна организација или на експерти од соодветната област.

Изготвувачот на тендерската документација не може да учествува како понудувач во постапката во која му била дадена задача да спроведе истражување, експерименти, студии или развој во врска со предметниот договор.

Комисијата може да определи дека податоците или дел од податоците содржани во тендерската документација се сметаат за доверливи согласно со Законот за класифицирани информации. Во таков случај учесниците во постапката се должни да поднесат изјава, приложена кон документацијата со која се обврзуваат дека нема да ги објавуваат податоците кои се сметаат за доверливи.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот надлежен за областа за која се доделува концесијата на добра од општ интерес, односно градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје ја одобрува тендерската документација.

**Член 23**
**Содржина на тендерската документација**

Во зависност од природата на концесијата на добра од општ интерес, тендерската документација особено ги содржи следниве елементи:

- име, адреса, телефонски број, број на факс и електронска пошта на концедентот,
- предмет на концесијата на добра од општ интерес,
- цел на концесијата на добра од општ интерес,
- место и локација на кои ќе се додели концесијата на добра од општ интерес,

- инструкции во врска со изработката и поднесувањето на понудата,
- период за кој се доделува концесијата на добра од општ интерес,
- рок за поднесување на понудите,
- рок на важност на понудата,
- адреса на која се доставуваат понудите,
- видови на гаранции и услови на гаранциите,
- јазик на кој понудите треба да бидат напишани,
- лични, професионални и финансиски услови кои мора да се исполнат од страна на понудувачите и документите со кои се докажува нивното исполнување,
- критериуми според кои се врши изборот на најповолна понуда,
- име и адреса на надлежниот орган за решавање по жалби и рокови за поднесување на жалби,
- минималниот износ на концесискиот надоместок, доколку истиот е предвиден и/или начинот на кој е пресметан надоместокот и
- други битни информации во врска со предметот на концесијата на добра од општ интерес во согласност со други прописи и стручни правила.

**Член 24**
**Изменување и дополнување на тендерска документација**

Концедентот може да врши изменување и дополнување на тендерската документација во согласност со одредбите на овој закон, под услов истите да не се од суштинско значење и се достапни на заинтересираните учесници најдоцна 15 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понуди.

Доколку се смета за потребно од страна на концедентот, рокот за поднесување на понудите може да биде продолжен во согласност со измените на тендерската документација.

**Член 25**
**Надоместок за тендерска документација**

Концедентот од понудувачите може да наплати надоместок за издавање на тендерската документација.

**Член 26**
**Дополнителни прашања во врска со тендерската документација**

Комисијата е должна да одговори на сите дополнителни прашања во врска со тендерската документација поставени од економските оператори кои подигнале тендерска документација, доколку тие прашања се поднесени во рок од 14 дена пред истекот на рокот за поднесување на понудите.

Комисијата е должна одговорите на поставените прашања да ги достави до сите економски оператори што ја подигнале тендерската документација, без да се наведе името на економскиот оператор што го поставил прашањето, но не подоцна од седум дена пред истекот на рокот за поднесување на понудите.

## Член 27
## Гаранција за учество во постапката

Учеството во постапката за доставување на понуди е условено со давање гаранција од понудувачот во вид на депонирани средства или банкарска гаранција со вредност која треба да изнесува најмалку 0,25% од проценетата вредност, утврдена во тендерската документација.

Концедентот е должен во рок од седум дена по склучување на договорот за концесија на добра од општ интерес со најповолниот понудувач, на другите понудувачи кои учествувале во постапката за концесија да им го врати депонираниот износ, односно гаранцијата за учество во постапката.

Гаранцијата за учество во постапката на најповолниот понудувач е валидна до склучување на договорот, односно до поднесување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, ако е така утврдено со тендерската документација.

Гаранцијата од ставот 1 на овој член се наплатува во корист на концедентот ако избраниот понудувач ја одбие поканата да склучи договор за концесија на добра од општ интерес и не го потпише договорот и доколку ја повлече понудата пред истекот на периодот на нејзината важност.

## Член 28
## Јавен повик за доделување на концесија на добра од општ интерес

Доделување на  концесија на добра од општ интерес се врши по пат на јавен повик.

Јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес особено ги содржи следниве податоци:

1) предмет на концесијата на добра од општ интерес:
- природа и елементи на концесијата на добра од општ интерес и
- место и локација на која ќе се додели концесијата на добра од општ интерес;

2) период за кој  се доделува концесијата на добра од општ интерес;
3) рок за поднесување на понудите;
4) адреса на која се  доставуваат понудите;
5) јазик на кој понудите треба да бидат напишани;
6) критериуми според кои  се врши  изборот на најповолна понуда и
7) име и адреса на надлежниот орган за решавање по жалби и рокови за поднесување на жалби.

Јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес може да содржи и други податоци утврдени со посебен закон.

Јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија", а може да се објави и во домашен и странски дневен весник и на веб страницата на концедентот.

## Член 29
## Начин на доставување на понуди

Понудата се доставува на начин и во форма утврдени со тендерската документација.

Право да доставуваат понуди имаат економските оператори кои ја подигнале тендерската документација.

Понудувачот може да поднесе само една понуда.

## Член 30
## Рок за поднесување на понуди

Рокот за поднесување на понуди изнесува најмалку 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за доделување на концесијата на добра од општ интерес во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## Член 31
## Критериуми за избор на најповолна понуда

Критериум за избор на најповолна понуда може да биде:

1) економски најповолна понуда која содржи елементи поврзани со предметот на концесијата на добра од општ интерес како што се:

- квалитет,
- технички карактеристики,
- естетски, функционални и еколошки карактеристики и
- други елементи определени во посебниот закон со кој се регулира предметот на концесијата или

2) највисок понуден концесиски надоместок.

Елементите на критериумот економски најповолна понуда, како и максималниот број бодови за секој елемент одделно мора јасно да се дефинирани во јавниот повик, конкретно да се поврзани со предметот на концесијата на добра од општ интерес и, откако ќе бидат утврдени, не можат да се менуваат за целото времетраење на постапката за доделување на договорот за концесија на добра од општ интерес.

Кога најповолна понуда се бира врз основа на критериумот економски најповолна понуда, концедентот е должен во тендерската документација да даде објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на овој критериум.

Секој елемент од критериумот економски најповолна понуда носи максимален број бодови кои се утврдуваат во јавниот повик, а во исклучителни случаи каде тоа не е можно, елементите се наведуваат според редоследот на нивната важност.

## Член 32
## Јавно отворање на понудите

По истекот на рокот за доставување на понуди, Комисијата јавно ги отвора понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите, на место и во време определено со јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес.

За јавното отворање на понудите Комисијата составува записник.

## Член 33
## Евалуација на понудите

Комисијата врши евалуација на понудите само на оние понудувачи кои ги исполнуваат личните, професионалните и финансиските услови определени со тендерската документација.

Комисијата утврдува листа на понудувачи врз основа на критериумите определени во јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес, односно во тендерската документација и дава предлог за избор на најповолен понудувач или предлог за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес.

**Член 33-а**
**Електронска аукција**

Концедентот може да користи електронска аукција со позитивно наддавање како последна фаза во постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес,пред доделувањето на договорот ако:

- електронската аукција е уредена во законот кој го регулира доделувањето на концесијата на добро од општ интерес;
- е воспоставено софтверското решение од страна на надлежниот орган во областа за која се спроведува постапката за доделување на концесијата на добра од општ интерес и
- концедентот го наведе користењето на електронска аукција во јавниот повик за доделување на концесијата и во тендерската документација.

Електронската аукција се спроведува на начин и под услови пропишани со законот кој го регулира доделувањето на концесијата на доброто од општ интерес.

Концедентот ја доделува концесијата на добра од општ интерес согласно со членот 35 од овој закон, а врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција.

**Член 34**
**Извештај за евалуација**

Комисијата за секоја постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес изготвува писмен извештај за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда кој се потпишува од страна на претседателот и членовите на Комисијата и се доставува до концедентот.

**Член 35**
**Одлука за избор на најповолна понуда**

Врз основа на предлогот на Комисијата и извештајот за евалуација, концедентот донесува одлука за избор на најповолна понуда.

Одлуката за избор на најповолна понуда заедно со копија од записникот со прегледот и оцена на понудата и извештајот за евалуација се доставува на секој понудувач без одлагање, на начин со кој доставата може да се докаже.

Концедентот не смее да го потпише договорот за концесија на добра од општ интерес пред истекот на рокот за поднесување на жалба.

Рокот за поднесување на жалба е утврден во одлуката за избор на најповолна понуда во согласност со податоците од јавниот повик за доделување на концесија на добра од општ интерес.

Договорот за концесија на добра од општ интерес може да се потпише кога одлуката за избор на најповолна понуда станала конечна.

Одлуката за избор на најповолна понуда се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**Член 36**
**Рок за донесување на одлука за избор на најповолна понуда**

Рокот за донесување на одлука за избор на најповолна понуда почнува да тече со денот на истекот на рокот за доставување на понуди. Ако во тендерската документација поинаку не е определено, рокот за донесување на одлука за избор на најповолна понуда изнесува 30 дена.

Ако концедентот не донесе одлука за избор на најповолна понуда и нема да ја достави на понудувачот во пропишаниот рок, понудувачот има право на жалба поради непочитување на законските рокови.

**Член 37**
**Содржина на одлуката за избор на најповолна понуда**

Одлуката за избор на најповолна понуда содржи:

- назив на концедентот со број и датум на одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за концесија на добра од општ интерес,
- образложение на причините за избор на најповолен понудувач,
- назив на понудувачот со бројот и датумот на поднесување на понудата,
- предмет на концесијата на добра од општ интерес,
- местото на вршење на предметот на концесијата на добра од општ интерес,
- времетраење на договорот за концесија на добра од општ интерес,
- посебни услови утврдени во тендерската документација кои понудувачот треба да ги исполнува во текот на времетраењето на концесијата на добра од општ интерес,
- висината на концесискиот надоместок кој го плаќа концесионерот за доделената концесија на добра од општ интерес или основот за утврдување на износот на надоместокот за концесијата кој треба да го плаќа концесионерот, доколку истиот е предвиден,
- рокот во кој најповолниот понудувач е должен да го потпише договорот за концесија на добра од општ интерес со концедентот,
- надлежен орган за склучување на договорот за концесија на добра од општ интерес,
- надлежен орган за спроведување и вршење надзор над доделената концесија на добра од општ интерес и
- правна поука.

Одлуката за избор на најповолна понуда може да содржи и други податоци во согласност со тендерската документација и поднесената понуда.

**Член 38**
**Одлука за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес**

Концедентот ќе ја поништи постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, ако:

- се дознаат такви околности, кои доколку би биле познати пред започнување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес не би се објавил јавниот повик за доделување на концесијата, или јавниот повик суштински би се разликувал или

- нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди или

- нема доставено ниту една прифатлива понуда.

Концедентот може да ја поништи постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес ако до истекот на рокот за доставување на понуди пристигне само една понуда, односно ако во текот на евалуацијата на понудите остане само една прифатлива понуда.

Концедентот е должен без одлагање да му ја достави на секој понудувач одлуката за поништување на постапката за доделување на концесијата на добра од општ интерес со копија од записникот и извештајот за евалуација, на начин со кој може да се докаже доставата.

Од денот на доставата на одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес на секој понудувач, почнува да тече рокот од 15 дена за поднесување на жалба.

Нова постапка за доделување на концесија на добра од општ интерес може да се поведе откако одлуката за поништување на постапката за доделување на концесијата ќе стане конечна.

Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес се објавува во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## ГЛАВА III

## ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА НА ДОБРА ОД ОПШТ ИНТЕРЕС И ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### Член 39
### Период на договорот

Договорите предвидени со овој закон се склучуваат за период до 35 години сметано од денот на склучувањето на договорот, односно од денот на влегувањето во сила на договорот, ако овој датум се разликува од претходниот, доколку со посебен закон поинаку не е предвидено.

При определување на рокот од ставот 1 на овој член се земаат предвид финансиско-економските показатели и техничко и/или технолошките специфичности на предметот на договорот, врз основа на физибилити студијата за оправданоста на доделување на концесијата на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство.

Концедентот односно јавниот партнер шест месеци пред истекот на тековната концесија или јавно приватно партнерство ја започнува постапката за доделување на нова концесија на добра од општ интерес, односно нов договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

## Член 40
## Склучување на договор

Договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство го потпишува концедентот, односно јавниот партнер и избраниот најповолен понудувач.

Договорите предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со тендерската документација, огласот или јавниот повик и одлуката за избор на најповолна понуда.

Владата на Република Северна Македонија може да овласти министер од соодветната област да го склучи договорот за концесија на добра од општ интерес и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, во име на Владата на Република Северна Македонија.

Советот на општината, Советот на градот Скопје и советот на општината во градот Скопје може да го овласти градоначалникот да го склучи договорот за концесија на добра од општ интерес и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Ако избраниот најповолен понудувач се откаже од склучување на договорот концедентот, односно јавниот партнер може да го склучи договорот со второрангираниот понудувач.

Владата на Република Северна Македонија ја пропишува содржината на договорите предвидени со овој закон.

## Член 41
## Измени на договорот

Договорите предвидени со овој закон може да се изменат со склучување на анекс на договор, доколку оваа можност е изричито предвидена во тендерската документација.

Анекс договорот го склучува органот кој го претставува концедентот или јавниот партнер.

Анекс договорот може да биде склучен по иницијатива на концедентот или јавниот партнер особено во следниве случаи:

- настанување на опасност по националната безбедност и одбрана на земјата, загрозување на животната средина, природата и човековото здравје и објектите за јавен ред,
- пропаѓање на објектот на концесијата или објектот на јавно приватно партнерство, или при објективна невозможност за негово користење, во случај на настанување на виша сила,
- при промена на соодветните прописи,
- други случаи кои водат кон промена на фактичкиот или правниот основ за користење на објектот или за обезбедување на услугата, или на извршување на концесиската дејност и
- други случаи определени со посебни закони.

Анекс договорот може да биде склучен по иницијатива на концесионерот или приватниот партнер доколку концесионерот или приватниот партнер достави извештај со кој се потврдува дека предметот на договорот не може да се реализира, како последица од надворешни и друг вид на објективни влијанија.

Во случај на склучување на анекс на договорот од ставот 4 на овој член, концесионерот или приватниот партнер е должен да достави програма за пренасочување на средствата предвидени за реализација на договорот во полн износ, по претходно добиена согласност од Владата, општината или градот Скопје.

Пренасочувањето на средствата предвидени со програмата од ставот 5 на овој член треба да биде извршено во други општествени или комунални дејности од интерес за државата, општините или градот Скопје.

Во случај на промена на суштинските услови од договорот, кои не биле предвидени во тендерската документација, ќе се пристапи кон спроведување на нова постапка за доделување на договор.

Без нарушување на одредбата од членот 47 од овој закон, терминот "суштински услови" се однесува на таквите услови кои, доколку би биле предвидени во првичниот оглас или во тендерската документација, ќе им овозможеле на понудувачите да поднесат суштински поинаква понуда, како и кога измените би го надминале обемот на договорот во таа мера што со овие измени би се опфатиле и услугите кои првично не биле опфатени.

**Член 41-а**

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон во случај на промена на пропис, кога Владата во име на Република Северна Македонија како концедент, според претходна направена анализа на проценка на економската оправданост за дел од предметот на концесијата ќе оцени дека нема повеќе економска оправданост, а по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, но само за инвестирање во објекти од јавен интерес, во висина на износот кој бил потребен за спроведување на тој дел од предметот на концесија.

Анализата за проценка на економската оправданост од ставот 1 на овој член ја изготвува Владата на Република Северна Македонија.

Во одлуката од ставот 1 на овој член, се утврдува намената на средствата, износот на средствата кои биле потребни за спроведување на дел од предметот на концесијата, начинот и динамиката на реализацијата на намената на средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со договорот за концесија.

**Член 41-б**

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон во случај кога не по вина на концесионерот ќе настане/се случи настан кој не може да се предвиди разумно при склучување на договорот, а кој влијае на предметот на договорот со последици врз финансиското работење на концесионерот и истиот настан влијае на потребата од продолжување на рокот на концесија утврден во договорот за концесија, концедентот може на барање на концесионерот, врз основа на поднесен извештај за финансиско работење и соодветна документација од која ќе

биде видна оправданоста за предметното продолжување на рокот на важење на концесијата, да даде согласност за склучување на анекс на договор за продолжување на рокот на концесијата, но не подолго од две години и доколку до истекот на договорот за концесија има најмалку пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 41-в**

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон во случај на склучен анекс на договор за промена на намената на дел од средствата согласно со членот 41-а од овој закон, а средствата не биле целосно искористени согласно со склучениот анекс, врз основа на претходно направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување анекс на договорот за концесија за промена на намената на делот од средствата кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост од ставот 1 на овој член ја изработува Владата на Република Северна Македонија.

Во одлуката од ставот 1 на овој член се утврдува намената на средствата, износот на средствата што биле потребни за спроведување на анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-а од овој закон, начинот и динамиката на реализацијата на доискористување на средствата што не биле искористени согласно со анексот на договорот за промена на намената на дел од средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно со членот 41-а од овој закон.

**Член 42**
**Пренос**

Договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство може да се пренесе со писмена согласност од концедентот, односно јавниот партнер, под услови утврдени во договорот и без нарушување на времетраењето на договорот, доколку со посебен закон поинаку не е предвидено.

Во договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство може да се предвиди пренос на правата и обврските од договорот, од концесионерот или приватниот партнер во корист на заемодавачите, како средство за обезбедување на нивните побарувања од концесионерот или приватниот партнер, под услов со тоа да не се загрозува континуираното работење и/или давањето услуга, квалитетното вршење на дејноста, како и цената.

Во случај на пренос на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, концедентот или јавниот партнер склучува договор за пренос со субјектот на кој се врши преносот на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за

воспоставување на јавно приватно партнерство под услови и на начин утврдени во постоечкиот договор за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Преносот на акции или удели од концесионерот или приватниот партнер во ДПН заради извршување на концесијата или јавно приватно партнерство, не може да се изврши без писмена согласност од концедентот, односно јавниот партнер.

**Член 43**
**Случаи на престанок на концесија и јавно приватно партнерство**

Концесијата или јавно приватно партнерство престанува да важи со:

- истекот на рокот на важењето на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- едностран раскин на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од страна на концедентот или јавниот партнер,
- едностран раскин на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од страна на концесионерот или приватниот партнер,
- спогодбено раскинување на договорот,
- стечај или ликвидација на концесионерот или приватниот партнер, ако со договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство поинаку не е предвидено и
- други случаи предвидени со закон и договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 44**
**Едностран раскин на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од страна на концедентот или јавниот партнер**

Во случај на битна повреда на обврските од концесионерот или приватниот партнер предвидени во договорот концедентот, односно јавниот партнер може еднострано да го раскине договорот согласно со одредбите на овој член.

Едностраниот раскин на договорот од ставот 1 на овој член може да настане кога:

- дејноста пренесена со договорот се врши на несоодветен или неквалитетен начин, имајќи ги предвид правилата, параметрите и други услови со кои е утврдено соодветно вршење на дејноста утврдена со договорот,
- концесионерот или приватниот партнер на друг начин извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат врз договорот,
- концесионерот или приватниот партнер го прекинал или предизвикал прекинот на вршењето на дејноста,
- концесионерот или приватниот партнер ги загубил економските, техничките или оперативните способности потребни за вршење на дејноста согласно со посебен закон и договорот и

- концесионерот или приватниот партнер не постапил по изречените мерки во постапката на надзор спроведена согласно со посебен закон.

Еднострaниот раскин се врши со одлука на концедентот или јавниот партнер во која се наведуваат причините заради кои се раскинува договорот и правата на концесионерот или приватниот партнер по донесената одлука.

Концедентот или јавниот партнер е должен, во рок од 15 дена пред донесувањето на одлуката за раскин на договорот, писмено да го извести концесионерот или приватниот партнер за повредите од ставот 2 на овој член и да го повика да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на договорот во рокот утврден со известувањето. Рокот мора да биде доволен за да му овозможи на концесионерот или приватниот партнер да постапи по известувањето.

## Член 45
## Еднострaн раскин на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од страна на концесионерот или приватниот партнер

Во случај на битна повреда на обврските од концедентот или јавниот партнер предвидени во договорот, концесионерот или приватниот партнер може еднострано да го раскине договорот согласно со одредбите на овој член.

Еднострaниот раскин на договорот од ставот 1 на овој член настанува кога:

- концедентот или јавниот партнер не ги извршува обврските кои произлегуваат од договорот и

- концедентот или јавниот партнер на друг начин извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат врз договорот.

Концесионерот или приватниот партнер е должен, во рок предвиден во договорот, пред еднострaниот раскин на договорот, писмено да го извести концедентот или јавниот партнер за повредите од ставот 2 на овој член и да го повика да ги исправи пропустите за да обезбеди почитување на договорот во рокот утврден со известувањето.

По истекот на рокот од ставот 3 на овој член, доколку концедентот или јавниот партнер не ги отстранил утврдените повреди, договорот ќе се смета за раскинат.

## Член 46
## Спогодбено раскинување на договорот за концесија на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство

Концедентот или јавниот партнер и концесионерот или приватниот партнер можат спогодбено да го раскинат договорот заради повреда на договорните обврски од страна на концедентот или јавниот партнер, односно концесионерот или приватниот партнер согласно со важечките прописи и според одредбите на договорот.

## Член 47
## Правила за доделување на дополнителни работи и услуги на концесионери за јавна работа и концесионери за јавна услуга

Во случај кога јавното приватно партнерство се спроведува како концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, јавниот партнер може, без спроведување на нова постапка, да додели дополнителни работи или услуги коишто не биле вклучени во основниот договор но кои, поради непредвидени околности, станале неопходни за реализација на предметната работа или услуга, која јавниот партнер ја доделил на приватен партнер, под услов договорот да се додели на приватниот партнер што ја извршува таквата работа:

- кога таквите дополнителни работи или услуги не може технички или економски да се одделат од основниот договор без големи нарушувања за јавниот партнер или
- кога таквите работи или услуги, иако можат да се одделат од реализацијата на основниот договор, исклучиво се неопходни за неговото завршување.

Вредноста на договорите доделени за дополнителни работи или услуги не може да надмине 50% од вредноста на основниот договор за концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга.

## Член 48
## Подизведување

Јавниот партнер може да бара:

- приватниот партнер да додели на трети страни договори што претставуваат најмалку 30% од вкупната вредност на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, спроведен како концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, во исто време давајќи им можност на понудувачите да го зголемат овој минимален процент кој ќе се утврди во договорот или
- од понудувачите во нивните понуди да го наведат процентот од вкупната вредност на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство кои тие планираат да ги доделат на трети страни.

## Член 49
## Планирање на средства

Вкупниот износ на средства до кои јавниот партнер може да преземе финансиски обврски во дадената година поврзани со договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство, треба да биде утврден со буџетот на јавниот партнер.

Јавниот партнер при донесување на буџетот мора да ги земе предвид:

- трошоците потребни за покривање на обврските кои произлегуваат од договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство,
- ефектите на наградување, времена суспензија (прекин) или ограничување на потфатот, кои може да произлезат од договорите за воспоставување на јавно приватно партнество и

- трошоците за компензација (надоместување) за приватниот партнер, кои можат да произлезат од договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

**Член 50**
**Барање за одобрување на средства**

Доколку врз основа на физибилити студијата за оправданоста на доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство се утврди дека за реализација на договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, потребно е за истото пред донесување на одлуката за започнување на постапката, да се добие согласност од Министерството за финансии.

**Член 51**
**Примена на Законот за облигационите односи**

За сите прашања кои се однесуваат на договорите утврдени со овој закон, што не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 52**
**Правила што се применуваат на договорите за работа доделени на трети страни од страна на приватни партнери кои спроведуваат јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа**

Овие правила се применуваат на приватните партнери кои спроведуваат јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа, кои не се договорни органи согласно со Законот за јавните набавки.

Кога приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа доделува договор за работа со проценета вредност над 3.000.000 евра во денарска противвредност без данок на додадена вредност (ДДВ) ќе ги применува следниве правила:

1) приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа, во "Службен весник на Република Северна Македонија" задолжително објавува оглас за намерата да додели договор за работи на трети страни на образец кој го пропишува Владата на Република Северна Македонија;

2) рокот за поднесување на пријавите за учество го утврдува приватниот партнер кој не смее да е пократок од 37 дена од денот на објавувањето на огласот;

3) рокот за поднесување на понудите го утврдува приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа, кој не смее да е пократок од 40 дена од денот на објавувањето на огласот, односно од доставувањето на поканите за поднесување на понуди;

4) по исклучок на точките 2 и 3 на овој став, во случај кога за доставување на барањето за учество и понудите се користат електронски средства, соодветно се применува Законот за јавните набави на скратувањето на роковите наведени во точките 2 и 3 на овој став и

5) роковите за доставување на пријави за учество и понуди се продолжуваат на начин што сите заинтересирани правни и физички лица можат да ги добијат сите информации кои им се потребни, во следниве случаи, ако:

- тендерската документација и сите дополнителни информации не се обезбедат во предвидените рокови или
- не се обезбеди посета и увид на местото на изградба и местото каде што се сместени документите кои се неопходни за изготвување на понудите.

Вредноста на договорите од ставот 1 на овој член се пресметува според прописите кои ги регулираат јавните набавки.

Групи на друштва формирани со цел да им се додели договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство кој се остварува како концесија за јавна работа од ставот 1 на овој член, како и друштва поврзани со нив, нема да се сметаат за трети страни, во смисла на овој член.

Поврзано друштво претставува друштво:

- врз кое приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа има директно или индиректно доминантно влијание,
- кое може да врши доминантно влијание врз приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или
- кое заедно со приватниот партнер кој спроведува јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа е предмет на доминантно влијание на друго друштво.

Доминантно влијание постои кога едниот субјект директно или индиректно:

- е сопственик на поголемиот дел од капиталот во другиот субјект,
- го контролира мнозинството гласови врз основа на акциите и уделите издадени од страна на другиот субјект или
- може да назначи повеќе од половина членови во органите на управување или во органот на надзор.

Целосна листа на вакви друштва ќе биде вклучена во понудата поднесена во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кој се остварува како концесија за јавна работа. Оваа листа се ажурира доколку има последователни промени во врските меѓу друштвата.

## ГЛАВА IV

## НАДЗОР

### Член 53
### Надзор

Концедентот и јавниот партнер вршат постојан и редовен надзор на спроведувањето на концесијата на добра од општ интерес или договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство и реализацијата на доделениот договор, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерот или приватниот партнер согласно со закон и предметниот договор.

ГЛАВА V

ПРАВНА ЗАШТИТА

**Член 54**
**Правна заштита**

На сите постапки за доделување на договори согласно со овој закон правната заштита се обезбедува согласно со Законот за јавните набавки.

ГЛАВА VI

ИЗВЕШТАЈ И РЕГИСТАР НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ

**Член 55**
**Извештај за незавршена постапка**

За секоја започната, но незавршена постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, органот надлежен за спроведување на предметниот договор изготвува писмен извештај кој го доставува до Министерството за економија.

Владата на Република Северна Македонија ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот 1 на овој член.

**Член 56**
**Регистар на доделените договори**

За договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство, доделени согласно со овој закон се води регистар.

Регистарот од ставот 1 на овој член го води Министерството за економија.

Податоците за секој доделен договор од ставот 1 на овој член, во рок од 30 дена од денот на склучувањето на договорот се доставуваат на посебен образец до Министерството за економија.

Регистарот се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

Владата на Република Северна Македонија ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член и формата и содржината на образецот од ставот 3 на овој член.

**Член 57**
**Известување за измени на договорот**

Јавниот партнер е должни во рок од 30 дена од денот на настанатите измени на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство, доделен согласно со овој закон, да ги пријави сите измени во врска со предметниот договор до Министерството за економија, на образецот од членот 56 од овој закон.

ГЛАВА VII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 58**
**Примена на одредбите**

На постапките за доделување на концесија на добра од општ интерес и за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и на постапките за правна заштита започнати пред започнувањето на примената на овој закон, како и на договорите склучени пред започнувањето на примената на овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (‟Службен весник на Република Македонија‟ број 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/10).

**Член 59**
**Прописи за извршување на Законот**

Подзаконските прописи пропишани со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 60**
**Обврска за усогласување**

Посебните закони од областа на концесиите ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 61**
**Продолжување со работа на Советот за јавно приватно партнерство**

Советот за јавно приватно партнерство формиран согласно со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (‟Службен весник на Република Македонија‟ број 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/10), ќе продолжи да работи согласно со одредбите од овој закон до формирање на Советот согласно со овој закон.

Членовите на Советот ќе се именуваат во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на овој закон.

**Член 62**
**Обврска за доставување на податоци**

За сите договори за воспоставување на јавно приватно партнерство, склучени согласно со Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство (‟Службен весник на Република Македонија‟ број 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/10), субјектите од членот 4 точка 5 од овој закон се должни да доставaт податоци за истите до Министерството за економија, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 63**
**Престанок на примена**

Со денот на започнување на примена на овој закон престанува да важи Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 139/2008,64/2009 и 52/10).

**Член 64**
**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 15 март 2012 година.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РМ" бр.144/14)***

**Член 7**

Министерството за економија ќе го воспостави единствениот електронски систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 8**

Подзаконскиот пропис утврден со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Одредбата од членот 3 од овој закон ќе отпочне да се применува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РМ" бр.33/15)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РМ" бр.104/15)***

**Член 2**

Концедентот и јавниот партнер се должни во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон електронски да се поврзат со Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РМ" бр.215/15)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РСМ" бр.153/19)***

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РСМ" бр.261/19)***

**Член 2**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на можноста за склучување на анекс на договор на концесија, ќе се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, имаат склучено договор за концесија ќе можат да склучат анекс на договор за концесија согласно со одредбите од овој закон во рокот утврден во ставот 1 на овој член.

**Член 3**

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РСМ" бр.89/22)***

**Член 2**

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на можноста за склучување на анекс на договор за концесија ќе се применуваат шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон имаат склучено договор за концесија ќе можат да склучат анекс на договор за концесија согласно со одредбите од овој закон во рокот утврден од ставот 1 на овој член.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за дополнување на***
***Законот за концесии и јавно приватно партнерство***
***("Службен весник на РСМ" бр.65/23)***

**Член 2**

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-в, кои се однесуваат на можноста за склучување на анекс на договор за договорите за концесија на кои е склучен анекс на договор согласно со членот 41-а од овој закон, ќе се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон имаат склучено анекс на договор за концесија согласно со членот 41-а од овој закон, ќе можат да склучат анекс на договор за концесија согласно со одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-в, во рокот утврден во ставот 1 на овој член.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".